# ХРОНИКА И БЕЛЕШКИ

## КЛИМЕНТОВ ЈУБИЛЕЈ (1050 ГОДИШНИНА ОД СМРТТА)

Веќе неколку месеци во СРМ се вршат обемни подготовки за јубилејната прослава на 1050-годишнината од смртта на отецот на словенската писменост — Климент Охридски.

Оваа иницијатива потекна од Охрид, — од каде што се ширеше словенското писмо. Поради големата важност во ширењето на словенската писменост, која се ширеше низ сите словенски народи, компетентните органи при Собранието на СРМ, Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура, Извршниот совет на СРН, Скопскиот универзитет и други низа фактори, се ангажираа за овој јубилеј. Сосема на време, се помина кон планско организирање на Климентовата јубилејна прослава. Формиран е Републичкио дбор на Климентовата прослава на чело со Блаже Конески — писател, редовен професор на Скопскиот универзитет. Во овој Одбор членуваат истакнати јавни, научни, политички и културни работници од цела СФРЈ. Секако заслужува вниманието што во Одборот влегоа и претседателите на научните академии во СФРЈ, Сојузниот секретар за образование наука и култура и други видни личности.

Во исто време формиран е и пододбор во Охрид за организирање на прославата. Одлучено е централната прослава да се одржи во Охрид и тоа од 10 — 12 септември 1966 год.

Меѓу најважните манифестации што треба да се одбележи отворањето на изложбата на словенското писмо. На оваа изложба ќе бидат изнесени сочуваните словенски ракописни книги и писма од најстари времиња до денес. Треба да се знае и тоа дека многу такви ракописи од низа причини се расфрлени низ целиот свет и затоа Одборот се потруди на време да достави соодветно писмо до сите музеи, академии, универзитети во целиот свет да извршат фотокопии и ги стават на располагање на охридската изложба на словенското писмо. Изложбата ќе биде отворена во Уметничката галерија во Охрид и ќе стане постојана поставка.

На 10 септември ќе се одржи и свечена академија во Охрид — посветена на делото на Климент Охридски. За оваа цел ќе бидат повикани, поканети сите еминентни научници од областа на славистиката од целиот свет. Оправдано се очекува на овој собир да присуствуваат голем број на научници од целиот свет и нашата земја. Собирот ќе се одржи во Домот на културата „Моша Пијаде“ во Охрид, за која цел веќе и се вршат обемни подготовки.

Се вршат целосни заштитувања на сите постари историски споменици и знаменитости, а посебно ќе биде реставриран и Климентовиот гроб и црква. Во текот на оваа година е распишан и специјален конкурс за делото на Климент Охридски и тоа од Републичко и општинско значење. Прославата ќе трае цела година. Во Охрид е установена Климентова награда за најарни постигнати годишни резултати во областа на културата и просветата. Исто така се предвидува да се формира специјален фонд за стипендии под наслов „Климентов фонд“.

За делото на Климент Охридски се предвидува да се одржат низа предавања во училиштата, работничките универзитети, работните колективи, преку радиото, дневниот печат и други информативни помагала, со цел прославата, што повеќе се популаризира.

За да биде помасовна свечената прослава, за делото и улогата на КлиментОхридски ќе се зборува на собранието на Друштвото на историчари на СРМ кое ќе се одржува во тие денови во Охрид.

И затоа Охрид оваа година е во знак на јубилејната прослава. Досегашните многубројни состаноци, ангажираноста од сите фактори, ветува дека оваа прослава ќе биде постојна, репрезентативна и сосема оправдана и многу корисна за нашата земја.

**П. М.**

## НАУЧЕН СОБИР ПО ПОВОД 40-ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА КРСТЕ П. МИСИРКОВ

По повод 40-годишнината од смртта на Крсте П. Мисирков на 24 и 25 јуни 1966 година во Скопје се одржа научен собир.

На собирот беа поднесени следниве реферати:

— Д. Зографски, Мисирков за националноста на Македонците;

— Б. Ристовски, Македонската „национално-сепаратистичка" мисла како идеја и како движење;

— Х. Андонов — Полјански, Дипломатските аспекти на македонското прашање во становиштата на Крсте Мисирков;

— М. Пандевски, Мисирков за пропагандите на соседните балкански држави во Македонија;

— Д. Ташковски, Гледиштата на Мисирков за сепаратизмот;

— А. Христов, Погледите на Мисирков за државно-правен статус на Македонија;

— К. Цамбазовски, Идејните погледи на Крсте Мисирков;

— Сл. Димевски, Обидите на Крсте Мисирков и Македонското студентско друштво во Петроград за издејствување на автономна Македонија во рамките на Турската империја од големите сили и Високата порта;

— Гане Тодоровски, Претходниците на Мисирков;

— К. Пенушлиски, Хипотезата на К. П. Мисирков за причините на популарноста на Крале Марко;

— В. Илиќ, Мисирков и Чернодримски;

— Т. Стаматоски, Графичкиот систем на Мисирков и на некои негови современици;

— А. Џукески и К. Конески, Поглед врз правописната норма во јазикот на К. Мисирков;

— Т. Димитровски, Литературната лексика на Мисирков.

Во врска со изнесените реферати беше водена мошне плодна и интересна дискусија. Изложените реферати и дискусијата придонесоа многу појасно да се расветлат низа проблеми поврзани со идејните погледи и становиштата на овој истакнат македонски деец.

**Х.**

## ПРВ МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР НА ПРОСВЕТНИТЕ РАБОТНИЦИ ОД БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ОДРЖАН ВО СОФИЈА

Од 18 до 26 мај 1966 година во Софија се одржа семинар на наставниците од балканските земји на тема „Улогата на програмите и методите на образованието во средните училишта за воспитувањето во духот на меѓународното разбирање" во организација на Националната комисија на НР Бугарија за УНЕСКО и Министерството на народната просвета. На семинарот учествуваа делегации на просветните работници на НР Бугарија, Кралство Грција, НР Романија и СФРЈ. Основен реферат на тема: „Улогата на програмите и методите на образованието во средните училишта за воспитување во духот на меѓународното разбирање" поднесе господин Владимир Херчек, претставник на генералниот директор на УНЕСКО господин Рене Мајо. Учесниците на семинарот работеа на пленарни седници и во две секции и тоа: секција за литература и странски јазици и секција за историја и географија. На пленарните седници и во одделните секции беа поднесени повеќе соопштенија во врска со основниот реферат од страна на делегатите на сите земји чии делегати присуствуваа на овој семинар што претставува ценет прилог кон подоброто запознавање со одделните достигања во образованието во